Дневни битпени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневните настани 09.10.2024

На 09.10.2024 кај него викано „Поводнеци", прилепско, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода Г.И.(32) и И.К.(31), двајата од Прилеп. Тие биле затекнати со две возила натоварени со дабови дрва за кои не поседувале документација. Притоа, тие физички нападнале ден од полициските службеници и со нивното возило го оштетиле службеното полициско возило. Двајата маса е одземена и предадена на шумска полиција за понатамошна постапка, а по целосно документирање на случајот, притвор низ ке биде поднесена соодветна пријава.

На 08.10.2024 во 17.20 часот во гостиварското село Вруток, полициски службеници од Полициското одделение Галате го лишиле од слобода Ф.И.(34) од с. Врутоки поради постоење основи на сомнение дека на 07.08.2024 одлел пари од касата во продавницот објект каде што работел. Тој бил задржан во полициска станица и од него биле одземени предмети поврзани со делото. По целосно документирање на случајот притвор него ќе следува соодветен поднесок.

На 08.10.2024 во 19.40 и 20.15 часот во гостиварски Добрилоил и Градец, полициски службеници од Полициското одделение Галате ги приведоа и Ј.М.(19) од Добрилоил и Б.Х. (31) од Градец. Ј.М. бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна за сторени кривични дела „тешка кражба", додека Б.Х. бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна за сторено кривично дело „разбојништво". Тие биле предадени во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на затворските казни.

На 08.10.2024, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода С.М.(29), Б.М.(39) и Б.И.(41), сите од Куманово, затоа што кај С.М. и Б.М. била пронајдена марихуана, додека кај Б.И. бил пронајден героин. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот притвор низ ке следуваат соодветни пријави.

На 08.10.2024 во 18.15 часот, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода З.Р.(35) и З.М.(44), двајата од Битола, затоа што кај З.Р. била пронајдена и одземена бела тргучеста материја, а кај З.М. била пронајдена и одземена марихуана. Лицата се приведени во полициска станица и по документирање на настанот притвор низ ке следува соодветна пријава.

На 08.10.2024 во 19.50 часот, полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода Ф.М.(40) гостиварско Здуње и Ф.Ц.(22) од Форино затоа што кај низ била пронајдена и одземена марихуана. Тие се задржани во полициска станица и по документирање на случајот притвор низ ке следува соодветен поднесок.

На 09.10.2024 во 01.10 часот на улица „Живко Брајковски" во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода А.И.(29) од Гостивар затоа кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во полициска станица и по документирање на случајот притвор него ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (09.10.2024) во 01.50 часот во Скопје, на подрачјето на Горче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода И.С.Б.(34) и Д.Т.(21), двајата од Скопје, затоа што кај низ била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

Денеска (09.10.2024) во 01.30 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода С.П.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (09.10.2024) во 01.20 часот во с.Трубарево, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода И.М.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (09.10.2024) во 00.20 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода М.М.(30) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.10.2024 во 23.40 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и бела тргучеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.10.2024 во 21.45 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Б.Р.(24) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.10.2024 во 19.50 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода М.Ѓ.(21) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и нож. По целосно документирање на случајот, притвор него ке бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 08.10.2024 во 14.50 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.Р.(25) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.10.2024 околу 09.50 часот во СВР Скопје, Р.Д.(38) од с.Брезда, скопско, пријавил дека при вршење ископ со багер во с.Мирковци, скопско, пронашол експлозивна направа. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување ја пронашел експлозивната направа и констатирал дека се работи за испукано зрно од граната калибар 75 мм, кое потекнува од Втора светска војна. Извршен бил увид.

На 08.10.2024 во 15.05 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека на регионален пат Гевгелија – село Сновјанца се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „цитроен" со странски регистарски ознаки, управувано од А.Р.(44) од село Баница, странско, товарно возило „иveко" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Д.И.(30) од село Сопје, прилепско и патничкото возило „фолксваген тиго" со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од Н.Г.(37) од Гевгелија. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила возачот А.Р. и опатинките во возилото „цитроен" М.Р. и Б.Р., констатирани во Медицинскиот центар Гевгелија. Увид на местото на несреќата извршила екипа на Полициската станица Гевгелија.

На 08.10.2024 во 12.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг простор на бул.„12 Македонска бригада" во Скопје, патничкото возило „фолксваген тиго" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Љ.(44), удрило во пешачкот З.Е.(72), двајата од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила З.Е., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од екипа од СВР Скопје.

На 08.10.2024 во 12.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Т.А.(76) од Скопје пријавил дека на бул.„Христо Татарчев" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 08.10.2024 во 09.40 часот во Полициската станица Газа Баба, Е.М.(35) од Скопје пријавила дека на ул.„Вагнер" во Скопје била касната од куче скитник.

На 08.10.2024 во Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид ги лишиле од слобода У.Д.(44) од Охрид. При претрес во апартманот во Охрид, кај приведеното го користел, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и бела прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на настанот, притвор него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.10.2024 во 08.30 часот во Гевгелија, полициски службеници од Полициската станица Гевгелија ги лишиле од слобода Д.Ј.(27) од Гевгелија. При преглед во возилото „ауди" без регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени 12 граѓани мигранти (две од Сирија и 10 од Ирак). Претходно, околу 07.30 часот на локалниот пат Стојаково – Богданци, полициските службеници ги забележале мигрантите како влегуваат во возилото „ауди", со кое било и возило „бмв", а кои веднаш потоа го напуштиле местото. Лицата биле предадени во прифатно - транзитен центар во Гевгелија за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.10.2024 во 20.30 часот во С.Камењане, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Камењане ги лишиле од слобода А.Ј.(22) од Камењане, постапувајќи по претходна пријава дека, по претходно недозволбарбе, со остар предмет ѝ нанел повреди на Ф.С.(35) од истото село, со кого се познавале и работеле заедно. А.Ј. е задржан во полициска станица и по документирање на случајот притвор него ќе следува соодветен поднесок.

На 08.10.2024 во 21.50 часот, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода М.К.Б.(28) од Сојузна Република Германија затоа што на улица „Доне Божиновиќ" во Куманово со остар предмет нападнал двајца малолетници додека питаселе, кои се здобиле со повреди констатирани во Општа болница Куманово. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот притвор него ќе следува соодветна пријава.

На 08.10.2024 во 15.29 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Страшо Пинџур" во Берово настанал пожар на помошен објект. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Берово пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 08.10.2024 во 20.22 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 20.00 часот во продавницата на подрачјето на општина Аеродром, едно лице од касата одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.10.2024 во 22.00 часот во СВР Скопје, Б.М.(47) од Скопје пријавила дека околу 12.30 часот на Транспортен центар во Скопје, незнаен малолетен син бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (09.10.2024) во 02.24 часот во Полициската станица Свети Николе, Д.М.(35) од С.Ерцелија, светониколско, пријавила дека нејзината керка Б.Т.(15) не е присутна во нејзиниот дома од училиштето во кое учи во Штип. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 08.10.2024 во 20.00 часот во СВР Скопје, Е.Б.(18) од село Долно Коливани, општина Студеничани, пријавил дека околу 15.30 часот на подрачјето на Кисела Вода, при излегување од автобус на ЈСП, по претходни недозволбарбе, бил физички нападнат од А.Б.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.10.2024 во 12.00 часот на место викано „Валандовско бдго", полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор и граничен премин Стар Дојран пронашле 4 лица - мигранти (двајца од Непал и двајца од Монголија). Тие биле забележани како влегуваат до патничкото „ауди" со виничка регистарски ознаки, кое веднаш го напуштило местото. Лицата биле предадени во прифатно - транзитен центар во Гевгелија за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.10.2024 во 20.00 часот во СВР Скопје, 44 - годишен маж од Скопје пријавил дека во периодот од 11.00 до 15.00 часот во двор на основно училиште на подрачјето на Горче Петров, неговиот малолетен син бил физички нападнат од двајца негови соученици, кои со тој предмет се обиделе да извршат полово дејствие врз него. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во Полициската станица Делчево, К.Ј.(27) од село Разловци, делчевско, пријавил дека на 06.10.2024 околу 03.30 часот во Делчево бил физички нападнат од З.„Н" и И.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.10.2024 во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека во установата се вратил невнесте К.П.(17) од Скопје, за кој на 07.10.2024 беше пријавен дека се одделечил од установата.

На 08.10.2024 во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување деца Скопје било пријавено дека од установата се одделечиле невнесте штитенци И.И.(14) и Ч.С.(17), кои и претходно се одделечувале и биле враќани. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

На 08.10.2024 во 16.35 часот во СВР Тетово, З.И.(49) од Тетово пријавил дека околу 15.30 часот на улица „Брака Миладиновци" во Тетово бил каснат од куче скитник.

На 08.10.2024 во 09.50 часот во СВР Гостивар, Е.М.(57) од Гостивар пријавил дека претходниот ден околу 22.30 часот во Долна Баница бил каснат од куче скитник.

На 08.10.2024 во 11.50 часот во Полициската станица Газа Баба, Б.Д.(56) од Скопје пријавил дека на ул.„Методија Андонов Чento" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 08.10.2024 во 14.15 часот во Полициската станица Центар, А.Е.(48) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Центар во Скопје била касната од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.Е.(27) од Косово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". На 04.10.2024 на паркинг простор пред простиелскиот објект во С.Џепишиште, тетовско, пријавил одел патничко возило „Волксваген голф", сопственост на М.Б. и го однел во с.Поој, но набрзо бил фатен од сопственикот. Од Судија при Основен суд Тетово, на предлог на Јавниот ѕвинител е санкција за протерување на странец од територијата на Република Северна Македонија.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Т.Т.(26) и Н.С.(25), двајата од Крива Паланка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно средство при копачка или каранење". На 29.09.2024 во Крива Паланка, пријавените го нарушиле јавниот ред и мир со физичка пресметка на М.В., при што превозјаинот фрлил метален предмет кој ком М.В., но не го погодил.

Регионален центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против М.Д.(33) одربуница Турција поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 04.10.2024 на граничен премин Деве Бајир, пријавеното на увид приложил фалсифицувана меѓународна зелена карта за товарното возило кое го управувал.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.А.(25) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице при вршење работи на безбедноста". На 15.03.2024, пријавениот физичка нападнал затворски полициски службеник, кој се обидел да го спречи да побегне од казнено – поправната установа, каде издржувал затворска казна.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.У.(38) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување опита опасност". На 07.09.2024, пријавениот запалил нива на „Индустриски пат" во близина на место каде што имало отпад.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.М.(51) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавениот, во текот на 2020 во Струга, во сврзство на инвеститор, изградил угостителски објект покрај крајбрежјето на Охридското езеро без да поседува соодветна документација

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.Р.(60) и Н.Р.(39), двајата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 17.07.2024 во Тетово, по претходна расправија, пријавените го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против З.П.(50) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 23.05.2024 во амбулантното одделение во Казнено - поправната установа Затвор Идризово, пријавениот физички нападнал затворски полицајец при вршење службени дејствија.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.М.А.(48) и А.А.(51), двајата од Република Турција, со приврзен престој во државата, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 21.01.2024, А.А. се договорил со друго лице за купопродажба на стан. Подоцна, со лажно прикажување на факти, оштетеникот бил довреден во заблада и на Н.М.А. преку банка уплатил 810.000 турски лири и на тој му овозможил да се стекне со противправна имотна корист од околу 3.321.000 денари.

Сајт изработен и администриран од МВР и е одобрен со број 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.داинче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (02) 3 117 222;факс: (02)3111468;е-пошта: kontakt@mol.gov.mk
Изработено од Унет